...

Државен завод за статистика



# Статистичко истражување за средни училишта во кои наставата се изведува на јазик различен од македонскиот Крај на учебната година

О_УСК/Д_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за образование | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Емрах Хусеиновски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Помлад соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| emrah.huseinovski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3249 447 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| | |

## 2.3 Последно ажурирање на метаподатоците

10/07/2025

## 3 Статистичка презентација

## 3.1 Опис на податоците

Редовни средни училишта, паралелки, ученици и наставници според јазикот на кој се изведува наставата, редовни и вонредни ученици во редовното средно образование според успехот, според припадноста кон етничка заедница, по пол, кои завршиле училиште, ученици кои во текот на учебната година се отпишале од училиштето (редовно средно образование). Наставници во редовното средно образование според видот на работниот однос, според степенот на стручната подготовка и јазикот на кој се изведува наставата. Лица кои стекнале специјалистичко образование и стручна оспособеност за работа, според струката и по години. Ученици и наставници во приватни средни училишта и во средни верски училишта. Ученици и наставници во специјални средни училишта според видот на спреченоста на учениците.

## 3.2 Систем на класификации

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2, Номенклатура на територијалните единици за статистика - НТЕС, 2013, Системот на образование во Република Северна Македонија во однос на ISCED2011 - Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ (2013), Прирачник за полињата (подрачја) на образование и обука во ISCED 2013.

## 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор P/M-Образование, класа 85.30-Средно образование, според НКД Рев.2.

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Под поимот училиште се смета организација или воспитно-образовна единица која врши настава од одреден вид, по одреден наставен план и програма, со еден или повеќе наставници, без оглед на тоа дали таа организација има самостојна управа или е под раководство на некоја друга управа. Секоја географски одвоена единица, исто така, се смета за училишна единица. Средното образование овозможува стекнување на знаења и развивање на способности за работа и натамошно образование. Средното образование, според Законот за средно образование, се остварува преку образовни планови и програми за: гимназиско, средно стручно, средно уметничко и средно (специјално) образование за ученици со посебни потреби. Гимназиското и средното уметничко образование траат по 4 години, додека средното стручно образование трае 3 или 4 години во кое учениците се определуваат за една од понудените струки. Во нашата земја постои и средно верско образование кое трае 4 или 5 години. Вообичаена возраст на учениците во средното образование е од 14 или 15 до 18 или 19 години. Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни училишта и приватни училишта.

## 3.5 Статистичка единица

Средните училишта кои припаѓаат на секторот P/M - Образование класа 85.30.

## 3.6 Статистичка популација

Средните училишта кои припаѓаат на секторот Р/М - Образование класа 85.30.

## 3.7 Референтна област

Општини

## 3.8 Временска покриеност

Од 1982 година.

## 3.9 Базен период

## 4 Единица на мерење

Број.

## 5 Референтен период

Година (учебната година од 01.09.2023 до 31.08.2024).

## 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и Програмата за статистички истражувања 2023-2027 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/23). Меѓународни: Регулативата (ЕУ) бр 88/2011 од 2 февруари 2011 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр 452/2008 на Европскиот парламент и на Советот во врска со создавањето и развојот на статистички податоци за образованието и доживотното учење, што се однесува на статистичките податоци за образованието и системите за обука, OJ L 29, 2011/03/02. Закон за државната статистика

## 6.2 Споделување на податоци

Временска серија од 1998 година: преку eDAMIS до Евростат со „UNESCO/OECD/Eurostat data collection on education and training statistics".

## 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

Податоците се индивидуални, заштитени со Законот за државната статистика. Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост ги содржи основните начела што се применуваат во ДЗС. Политика за статистичка доверливост

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за

статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на навременост кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Календарот на навременост се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

Календар на објавување

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Во согласност со Политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници кои се информираат од Календарот на навременост и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Годишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Годишно соопштение: „ Основни и средни училишта на крајот на учебната 2023/2024 година ".

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

Статистички прегледи: „ Основни и средни училишта на крајот на учебната година ".

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МакСтат база на податоци : „Образование и наука, Средно образование, Крај на учебна година".

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Во согласност со Законот за државната статистика (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор. Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели

| 10.5 | Друго |
|---|---|

Податоците од истражувањето се испраќаат во Евростат и тие се објавени на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Методолошко објаснување за соопштението

## 10.7 Документација за квалитетот

Национален методолошки извештај испратен во Евростат. National Reference Metadata in ESS Standard for Quality Reports Structure (ESQRS)

## 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на ДЗС за обезбедување на квалитет на производите и на услугите е содржана во Законот за државната статистика, Стратегијата на Државниот завод за статистика и Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика, како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот на работа на европската статистика. Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување на квалитет се документирани во интерен документ „Упатство за обезбедување на квалитет на статистичките процеси“. Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот „Насоки за менаџерите на статистички истражувања“.

## 11.2 Оценка на квалитетот

## 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Овие податоци се користат од Владата, министерствата, агенциите и локалната самоуправа заради нивно користење при утврдувањето и водењето на развојната политика, од студенти, истражувачи, како и меѓународните институции UNESCO, OECD, Евростат и други.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика спроведува Анкета за задоволство на корисниците на ниво на статистичка област. Оваа Анкета се спроведува на секои три години, при што последната спроведена Анкета е во 2019 година.

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата бр. 88/2011 на Европската комисија, ДЗС обезбедува околу 70% од нив.

## 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо (истражувањето е со целосен опфат).

## 13.3 Непримерочни грешки

Грешки во опфатот: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска. За време на спроведувањето на истражувањето секојдневно се прибираа извaштаи од терен, заради контрола на опфатот и навремено откривање на грешките. Собраните податоци се контролираа од страна на задолженото лице за истражувањето. Доколку се откријат грешки во прашалниците, се контактира со извештајните единици и се коригираат. Грешки при обработката на податоците: Внесот на податоците се прави преку однапред подготвена апликација за внес, со мануелен начин на внес. За време на внесот на податоците се применуваа автоматски контроли и тоа контрола при внес, како и дополнителна контрола по завршувањето на внесот.

# 14 Навременост и точност

## 14.1 Навременост

T+210

## 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

# 15 Кохерентност и споредливост

## 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоците на национално ниво и на ниво на региони. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така, е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

## 15.2 Временска споредливост

Временска серија од 1982 година и нема прекин на временската серија. Број на референтни периоди во временската серија - 34.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Кохерентноста меѓу области е делумно обезбедена.

## 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

# 16 Трошок и оптовареност

| 17 | Ревизија на податоците |
|---|---|
| | |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС. Политика на ревизија на статистичките податоци | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| | |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Статистичкото истражување е со целосен опфат. Статистичкиот прашалник како дополнителен прашалник го пополнуваат извештајните единици - средните училишта во кои наставата се изведува на јазик различен од македонскиот (албански, турски или англиски). Секоја извештајна единица доставува прашалник со податоци за бројот на наставници и ученици кои го завршиле одделението, односно училиштето и кои учеле на јазик различен од македонскиот (албански, турски или англиски) по разни белези. | |
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
| Годишна. | |
| **18.3** | **Прибирање на податоците** |
| Податоците се прибираат со статистичкиот прашалник во хартиена форма-УСК/Д, како дополнителен прашалник на прашалникот УСК. Прашалникот УСК/Д го пополнуваат само училиштата во кои се изведува настава на јазик различен од македонскиот. Образецот УСК/Д се доставува од извештајните единици преку регионалните одделенија до ДЗС. Регионалните одделенија ги контролираат извештаите и ги доставуваат во ДЗС на втора контрола, шифрирање, обработка и публикување на податоци. | |
| **18.4** | **Проверка на податоците** |
| Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Првична проверка на податоците се врши од страна на задолжените лица за истражувањето во регионалните одделенија при добивање на пополнетите прашалници, а потоа следи проверка на опфатот, како и математичка и логичка контрола од страна на задолжените лица во стручното одделение. По внесот на извештаите се врши и вертикална контрола заради обезбедување на целосна математичка точност на податоците од страна на лицата во стручното одделение. | |
| **18.5** | **Компилирање податоци** |
| Податоците се внесуваат во апликација со вметнати математички и логички контроли, како и дополнителни контроли по внесувањето на податоците. Доколку се откриени грешки во прашалниците се контактира со извештајните единици и се коригираат. Податоците се контролираат, споредуваат и анализираат и пред нивното објавување, на агрегирано ниво. | |
| **18.6** | **Прилагодување** |
| Не се врши израмнување на податоците. | |

| 19 | Коментар |
|---|---|
| | |

| A.1 | Анекси |
|---|---|
| | |